## Превоз во заедницата: Подрачна служба за Wollongong – Shellharbour
## Community Transport: Wollongong – Shellharbour

### Service Area




## Потребни ни се доброволци
## Volunteers Needed

Многу од услугите на службата Превоз во заедницата: Wollongong - Shellharbour зависат од поддршката на доброволците. Оваа служба секогаш бара доброволци кои ќе обезбедуваат превоз на поединци и групи. Доброволците се обучуваат и добиваат поддршка. Сите доброволци имаат право да бараат додаток за патни трошоци за користење на сопственото возило и ситни трошоци. Ве молиме, контактирајте не за повеќе информации.

## Контактни податоци
## Contact Details

Од понеделник до петок
Од 8 ч. наутро до 5 ч. попладне
Телефон 1300 987 422

Телефонирајте на 4256 0091 за информации во врска со Превоз на групи во подрачјето на локалната управа на Shellharbour

**Адреса на канцеларијата во Wollongong**
Level 5, Wollongong City Council
41 Burelli Street,
Wollongong NSW 2500
**Поштенска адреса**
PO Box 693
Wollongong NSW 2520
www.wollongong.nsw.gov.au

**Адреса на канцеларијата во Shellharbour**
108A Tongarra Road,
Albion Park NSW 2527
**Поштенска адреса**
Locked Bag 155,
Shellharbour City Centre NSW 2529
www.shellharbour.nsw.gov.au

WCC01245887



# Служба за превоз во заедницата: Community Transport:

Wollongong - Shellharbour



## Што е Служба за превоз во заедницата?
## What is Community Transport?

Службата за превоз во заедницата: Wollongong-Shellharbour (CT:W-S) им нуди можности за безбеден превоз во заедницата по пристапни цени на групи и поединци во заедницата кои ги исполнуваат условите за користење на овој превоз во подрачјата на локалните управи на Wollongong и Shellharbour. Поединците и групите кои имаат право да го користат овој превоз се превезуваат користејќи ги различните услуги кои се наведени. CT:W-S е услуга на општините на Wollongong и Shellharbour која ја нудат со поддршка на тим на доброволци возачи и негуватели кои се предадени на работата.

## Кој има право на оваа услуга?
## Who is eligible?

Постари лица со нарушено здравје, онеспособени лица и нивните негуватели кои:

- Живеат меѓу Austinmer и Dunmore
- Живеат самостојно во заедницата
- Не се во состојба да користат јавен превоз

Лица кои се хендикепирани во однос на користење на превоз и кои имаат ограничен пристап до вообичаените услуги за превоз заради физички, социјални или географски фактори.

## Колку чини превозот?
## What does it cost?

Клиентите, групите и организациите се обврзани да дадат придонес за покривање на трошоците за обезбедување на услугата. Придонесите ни помагаат да продолжиме да нудиме услуги и да ги заменуваме возилата за превоз во заедницата.

На некои клиенти може да им биде тешко да си дозволат да го дадат бараниот придонес. Ако се работи за ваков случај, ве молиме, кажете ни и ќе се договориме за цена која ќе биде во рамките на вашите средства.



## Услуги што може да се користат
## Services Available

### Информации, проценка и упатување
Information Assessment and Referral

Службата Community Transport: Wollongong - Shellharbour нуди помош при добивање на информации, проценка и упатување за сите работи во врска со превоз во заедницата, вклучувајќи ја 'Програмата за дотирање на превоз со такси возила' ('Taxi Transport Subsidy Scheme'). Ние исто така можеме да ви помогнеме со информации и упати до други служби за нега во заедницата кои им нудат поддршка на постарите лица, онеспособените лица и нивните негуватели за тие да можат да продолжат да живеат самостојно.

### Услуги за превоз на поединци
Individual Transport Services

Доброволна служба за превоз во заедницата која ги зема регистрираните клиенти и ги носи на неопходните закажани средби вклучувајќи:

- Закажани лекарски прегледи
- Пазарење
- Плаќање на сметки
- Посети во болница или старечки дом
- Друштвени излети

Оваа услуга се обезбедува со користење на приватните возила на доброволците, група возила во сопственост на деловна организација и минибусови со лесен пристап. За да може да се организираат доброволци, услугата мора да се закаже најмалку една недела однапред.

### Купони за такси Taxi Vouchers

Секој месец, клиентите добиваат одреден број на Купони за користење на такси за да им се помогне да ги задоволат нивните потреби за превоз.

### Услуги за превоз на групи
Group Transport Services

За оваа услуга се користат група на минибусови кои можат да се изнајмат за различни потреби во подрачјата на локалните управи на Wollongong и Shellharbour. Минимбусовите може да ги изнајмуваат групи и организации од заедницата кои ги исполнуваат условите за тоа.

### Пазарење/екскурзии
Shopping Services/Excursions

Превоз на групи до одредени трговски центри може да користат клиентите кои ги исполнуваат условите за тоа. Лицата на кои им е потребна помош можеби ќе можат да добијат дополнителна поддршка. Исто така, може да се нудат екскурзии во сабота и недела на одредени локации.

### Превоз на Аборицини и лица со потекло од островите во Torres Strait
Aboriginal and Torres Strait Islander Transport

Овозможува превоз на групи и поединци од заедницата Koori кои живеат во подрачјата на локалните управи на Wollongong, Shellharbour и Kiama. Се нуди помош околу превоз за погреби во и надвор од локалните подрачја кога има средства за тоа и ваквиот превоз има предност над сите други барања за превоз. За да може да се организираат доброволци, услугата мора да се закаже најмалку една недела однапред.

## Други услуги Other Services

Неколку автобуси се модифицирани за да може да се внесуваат и изнесуваат инвалидски колички.

Онеспособени лица кои треба да патуваат во инвалидска количка може да изнајмат возило за личен превоз.

### Возачи доброволци Volunteer Drivers

Постои група на возачи доброволци кои можат да им помогнат на групи кои не се во состојба да обезбедат нивни сопствен возач. Доброволците исто така овзоможуваат превоз на поединци користејќи ги нивните сопствени возила.

